*Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД II и ИПАРД III*

*декември*

*2024*

1. ***Дизајн на внатрешниот систем за контрола***

***Внатрешни прирачници со процедури***

Предложените измени на внатрешниот прирачник за процедури од страна на Секторот за одобрување на проекти во ИПАРД Агенцијата нема значително влијание врз воспоставениот систем за управување и контрола, како и врз рамката за внатрешна контрола, а произлегуваат од потребата за подобрување на процесот за одобрување на барањата, како и подобро појаснување за потребните документи кои треба да се достават со барањето. Исто така, измените се предложени и потребни за подобро усогласување на процедурите со Секторскиот договор, националното законодавство и ИПАРД програмата.

Промените се од несуштинска природа бидејќи сите проверки и контроли (за комплетноста и прифатливоста на барањата) ќе се вршат според постоечките контролни листи кои во оваа фаза се подобрени и појасни.

Со овие измени, процесот на извршување на проверката на комплетноста е порационализиран и овозможува подобро разбирање од страна на вработените кои документи се потребни и кои документи може дополнително да се побараат во рамките на опцијата за појаснување во фазата на комплетност, бидејќи фактите се потврдени и со други поднесени документи. Исто така, горенаведените измени го имаат предвид еднаквиот третман на барателите од различни категории, како што се: физичко и/или правно лице, сопственик на земјиште/зграда и/или закупец на земјиште/зграда.

Другиот ефект од овие измени е очекување за намалување на одбиените барања за некомплетни документи.

Процесот на формално одобрување е финализиран од страна на НАО на 4ти ноември 2024 година и по конечното одобрување од директорот на ИПАРД Агенцијата, ќе се применуваат почнувајќи од вториот повик (02/2024 од 5ти ноември 2024 година).

2. ***Резиме на верификациски посети и контрроли извршени од страна на УС***

Годишниот план за верификациски посети за 2024 година е усвоен на 25ти јануари 2024 година и предвидува две верификации поврзани со ИПАРД III и две верификациски посети поврзани со ИПАРД II, и тоа:

1. Проценка на дизајнот и воспоставените системи за управување и контрола за спроведување на мерката - Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД III Програмата;
2. Административна проверка на одбиените проекти и процес на рангирање по новиот јавен повик 01/2023 од ИПАРД III Програмата;
3. Верификациска посета на ниво на проект за платени проекти, особено ex post - теренски проверки во рамките на ИПАРД II Програмата и
4. Административна проверка на платените проекти од ИПАРД II Програмата (која се планира да се изврши во периодот ноември-декември 2024 година според Годишниот план за верификација посети за 2024 година).

Административната проверка на одбиените проекти и процесот на рангирање по новиот јавен повик 01/2023 од ИПАРД III Програмата се финализирани од страна на тимот на НАОСО АГРИ во рамките на Управувачката структура и нацрт-извештајот за верификациска посетата е во завршна фаза на подготовка. Верификациската посета започна на крајот на септември 2024 година, а изборот на проектите што требаше да се проверат беше направен по случаен избор имајќи предвид дека верификациската посета беше за одобрените процедури и донесените правни акти. Не беа откриени значајни наоди при верификациската посета што може да го загрози функционирањето на системот за управување и контрола (СУК).

Верификациската посета на ниво на проект за платени проекти, особено ex post - теренски проверки во рамките на ИПАРД II Програмата, беше извршена со цел да се потврди законитоста и регуларноста на трансакциите за платените проекти, преку проверка на одржливоста на проектите на лице место меѓу крајните корисници. Опсегот на оваа верификациска посета беше верификација на платени крајни корисници во текот на 2022 година од мерките 1, 3 и 7 во делот на одржливоста на проектите во период од 5 години од времетраењето на договорите. Посетата беше спроведена во текот на мај-јули 2024 година со посета на терен на крајните корисници. Оваа активност беше изведена со поддршка на надворешен експерт ангажиран во рамките на проектот финансиран од ИПА. Општиот заклучок од верификацијата беше дека крајните корисници ги почитуваат правилата за одржливост на проектите/инвестициите и дека инвестициите/испораките се соодветно искористени во согласност со потпишаниот Договори.

3. ***Акредитација на нови мерки – Инвестиции во јавна рурална инфраструктура***

Врз основа на оценка на дизајнот и воспоставените системи за управување и контрола за спроведување на мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура, националните ИПАРД структури подготвија пакет документација за индиректно управување со мерката. Пред поднесување на официјалното барање за индиректно управување до ЕК, потребно е независно ревизорско мислење за структурите и телата за индиректно управување, спроведено во согласност со меѓународно прифатените ревизорски стандарди. Затоа, на 29.04.2024 година, пакетот со документација за воспоставените структури и органи, како и дизајнираниот и воспоставен систем за спроведување на мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата 2021-2027 година, придружен со извештај за самооценка на Системот за управување и контрола за спроведување на мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата 2021-2027 година е доставен до Ревизорското тело за оцена на усогласеност.

4. ***Следење на админнистративните капацитети на ИПАРД структурата***

Управувачка структура

Според анализата на обем на работа (АОР) за 2024 година, оптималниот број на вработени во Управувачката структура е 19 (вклучувајќи го и НАО). Бројот на вработени во Управувачката структура на почетокот на 2024 година изнесуваше 15 (вклучувајќи го и НАО).

Во текот на 2024 година, двајца вработени ја напуштија УС. На крајот на 2023 година беше објавен јавен повик за пополнување на две позиции: помлад соработник – финансиски менаџер и помлад соработник за EFMCS во областа на ИПАРД програмата. Но, по финализирање на изборите, на 04.07.2024 година беше донесена одлука за престанок на огласот и вработувањата беа поништени.

Сегашниот број на вработени во УС е 13 (вклучувајќи го и НАО) и стапката на искористеност според АОР за 2024 година е 68%.

Изработена е АОР за периодот 2025-2027 година и резултатите од пресметките покажаа дека оптималниот број на вработени во УС за 2025 година е 18 (осумнаесет), што значи дека е потребно да се ангажираат 5 вработени до средината на 2025 година. На среден мандат 2025 - 2027 година секторот треба да се зајакне на 22 вработени.

ИПАРД Агенција

Според АОР за 2024 година, оптималниот број вработени во ИПАРД Агенцијата за спроведување на акредитираните мерки, вклучително и мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура (ИРПИ) беше 158. На почетокот на 2024 година, ИПАРД Агенцијата броеше 149 вработени определени за работа во ИПАРД структура.

Во текот на 2024 година, двајца вработени се приклучија на ИПАРД структурата, а петмина заминаа.

Во моментов, ИПАРД структурата во рамките на Агенцијата брои 146 вработени.

Имајќи го предвид моменталниот број на вработени, стапката на пополнетост според АОР 2024 е 92%.

Според анализата на АОР на ИПАРД Агенцијата за 2025 година, оптималниот број на вработени во Агенцијата е 160, вклучително и мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура (ИРПИ). Потребни се 14 нови вработувања во ИПАРД агенцијата (и откриени/потребни се и 29 унапредувања).

Тело за управување со ИПАРД

Според АОР за 2024 година, Телото за управување со ИПАРД постави оптимално ниво на персонал на 15 вработени. На почетокот на 2023 година, ТУ со ИПАРД броеше 14 вработени.

Во текот на 2024 година во ТУ со ИПАРД се вработил еден вработен.

Според овие измени, сегашниот број на вработени во ТУ со ИПАРД е 15 (вклучувајќи го и раководителот на ТУ со ИПАРД) и стапката на искористеност е 100%.

АОР за периодот 2025 - 2027 година покажува дека оптималниот број на вработени во ТУ со ИПАРД за 2025 година е 16 (шеснаесет). Според АОР за 2025 година, потребни се 1 ново вработување и 3 (три) унапредувања.

***Капацитети на ИПАРД структурата***

Во табелата подолу се прикажани податоците за човечките капацитети во ИПАРД управувачката и оперативна структура:

| Институција | Број на персонал на 01.01.2024 | Број на потребен персонал според АОР 2024 | Број на потребен персонал според АОР 2025 | Реализирани нови вработувања до 11.11.2024 | Ја напуштиле позиција та до 11.11.2024 | Моментален персонал | Стапка на пополнетост на работни места АОР 2024 | Стапка на пополнетост на работни места АОР 2025 | Стапка на промет АОР 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 15 | 19 | 18 | 0 | 2 | 13 | 68% | 72% | 13.33% |
| ИПАРД Агенција | 149 | 158 | 160 | 2 | 5 | 146 | 92% | 91% | 3.36% |
| ТУ со ИПАРД | 14 | 15 | 16 | 1 | 0 | 15 | 100% | 94% | 0.00% |
| Вкупно | 178 | 192 | 194 | 3 | 7 | 174 | 91% | 90% | 3.93% |

**Задржување на персоналот**

Во однос на задржувањето на персоналот во ИПА Структурата, со Законот за извршување на Буџетот за 2024 година се спроведува краткорочно решение за мотивација и задржување на персоналот во ИПА структурите. Решението обезбедува 15% паушално надополнување на платата на персоналот во ИПА структурите до крајот на 2024 година. Со ова решение е наменет да се надмине јазот до донесување долгорочно систематско решение.

Паралелно, НИПАК работи на долгорочно систематско решение на политиката за задржување и мотивација што треба да се стави во Законот за административни службеници и соодветните правни акти.

5. ***Финансиско управување***

ИПАРД III

Со допис бр. 10-413/1 на 24.01.2024 година, од ЕК е побарано претфинансирање во износ од 12.600.000,00 евра и 50% од износот е одобрен и примен на ИПАРД III евро сметката на 26.03.2024 година.

На 15.11.2024 година се извршени две трансакции во износ од 231.050,26 евра.

Планираната сума што треба да се плати до крајот на годината е 490.000 евра.

***Стекната камата***

На 31ви октомври 2024 стекнатата камата на ИПАРД III еуро сметката изнесуваше 1.569,82 евра.

## IPARD II

До 15ти ноември 2024 извршените исплати (ЕУ дел) беа:

- 3,7 милиони евра за 2024
- 48.6 милиони евра за сето спроведување на Програмата.

***Пресметка на губењето на средства за 2024 година:***

При пресметувањето на потенцијалниот ризик од губење на средства, земени се предвид следните инпути/претпоставки:

| Пресметка на ризикот за губењето на средства согласно Н+3 правило | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Референца** | **ЕУ придонес** |
| 1. | Финансиски алокации | 60.000.000,00 |
| 2. | Декларирана сума до 30.09.2024 | 47,735,412.15 |
| 3. | Прогноза за исплата во 4 квартал на 2024 | 2.475.000,00 |
| 4=1-2-3 | **Потенцијално губење на средства на крајот на 2024** | 9.789.587,85 |

Имајќи ја предвид горенаведената пресметка, потенцијалниот ризик од губење на средствата на крајот на 2024 година изнесува 9,7 милиони евра, односно 16%.

***Стекната камата***

На 31.10.2024 година настанатата камата на ИПАРД II евро сметката е 3.987,37 ЕУР.